Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15,209/18 244/19,53/21,77/21, и 150/21), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Северна Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник на Република Северна Македонија број 239/19, 41/22) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20, и 05/21), Советот на Општината Битола на 12 -та седницата одржана на ден 29.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година**

**Член 1**

Членот 13 став 3 се менува и гласи :

За вработените во Противпожарната единица вредноста на бодот е 38,85 денари.

“ За вработените во ТППЕ вредноста на бодот е 38,85 денари а се утврдуваат бодови : За пожарникар спасител, пожарникар спасител возач на специјално возило се утврдуваат 827 бода,а за заменик командир, командир на вод и командир на одделение се утврдуваат 889 бода “.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-82/7
29.04 .2022 год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Габриела Илиевска